РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.32.УП.048.02

# УПАТСТВО
# ЗА СУКЦЕСИВЕН УВОЗ

ФЕВРУАРИ 2023

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 31.12.2014 | Прво издание | / | / |
| 02 | 07-02-2023 | Второ издание | Дополнета<br>Изменета | Т.7, 12, 13, 14 и 17<br>Т. 32 и 33 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на РМ" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе:

# УПАТСТВО
# ЗА СУКЦЕСИВЕН УВОЗ

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се уредува начинот и постапката на царинење на стока, која се увезува сукцесивно во несоставена или во разглобена состојба преку една или повеќе царинарници, кога на барање на декларантот, деловите се распоредуваат во тарифната ознака на составениот производ.

2. При спроведување на постапката од точка 1 на ова Упатство се применуваат одредбите од членот 7 од Законот за Царинска тарифа, Основно правило 2 (а) за применување на Царинската номенклатура, Дополнителна забелешка 3 за Оддел XVI, Дополнителна забелешка 2 за Оддел XVII и Коментар на ХС[1].

3. Постапката за сукцесивен увоз на несоставена стока или стока во разглобена состојба во повеќе пратки и во различен временски период се однесува само и исклучиво за:
   - машини од Оддел XVI,
   - возила и придружна транспортна опрема од Оддел XVII,
   - конструкции од тарифен број 7308, како и
   - монтажни згради од тарифен број 9406.

4. Обработката на барањата и изготвувањето на решенија за сукцесивен увоз, како и нивно изменување, дополнување или укинување е во надлежност на царинарницата каде што се наоѓа седиштето на декларантот или местото каде се води главното книговодство.

---

[1] Хармонизиран систем

5. Надзорната царинска испостава е одговорна за надзор и водење на евиденцијата при спроведување на сукцесивното царинење на стоката во различни царинси испостави.

6. Царинските испостави во кои се спроведува сукцесивното царинење се исто така одговорни за правилно спроведување на царинската постапка.

## II. Постапка по доставено барање за сукцесивен увоз

7. Постапката за одобрување на сукцесивен увоз наведена во точка 3 од ова Упатство започнува со поднесување на образец 01.30.32.УП.048.02-ОБ.01.02-Барање за сукцесивен увоз (во натамошен текст Барање) или 01.30.32.УП.048.02-ОБ.02.02 Барање за сукцесивен увоз - ЗУЈ[2] до царинарницата каде што се наоѓа седиштето на декларантот или место каде се води главното книговодство.

8. По доставувањето на Барањето управникот во надлежната царинарница е должен најдоцна во рок од 3 работни дена со решение да формира трочлена комисија за спроведување на постапката (во натамошниот текст комисија).

9. Комисијата при приемот на Барањето е должна да провери дали е :
   - платена пропишаната административна такса за овој вид поднесоци,
   - правилно пополнето и
   - поднесено од овластено лице.

   Исто така, комисијата треба да провери дали подносителот на барањето ги приложил сите потребни документи, и тоа:
   - купопродажен договор,
   - општа спецификација и
   - други документи (проспекти, цртежи, скици, фактури и др).

10. Општата спецификација за деловите (склопови, подсклопови и елементи) од кои е составен комплетниот производ, мора да ги содржи следниве податоци:

[2] Образците од ова Упатство кои се означени со кратенка ЗУЈ ( Закон за употреба на јазиците ) се издаваат/ користат од страна на организационите единици на Царинската управа кои покриваат најмалку една единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат албански јазик и кога странката ( учесникот) во постапката го зборува албанскиот јазик

- трговски назив на комплетниот производ;
- тарифна ознака според номенклатурата на Царинска тарифа, количина и вредност на комплетниот производ;
- назив на деловите, склоповите, подсклоповите, елементите, од кои е составен комплетниот производ (без оглед на тоа како деловите, склоповите, подсклоповите и елементите на производот сукцесивно ќе се увезуваат во несоставена или разглобена состојаба), како и нивна количина, вредност и маса (кг). За основните делови треба да се наведат нивните сериски броеви;
- назив на елементите и материјалите, неопходни за составување на производот и негово пуштање во работа, како и количина, вредност и маса (кг).

Општата спецификација се изготвува во слободна форма во три примероци.

11. Во моментот на царинење на секоја сукцесивна пратка декларантот е должен да приложи поединечна спецификација која треба да ги содржи следните податоци:
   - царинската испостава каде стоката е декларирана (шифра и назив на царинската испостава),
   - број и датум на решението за одобрен сукцесивен увоз,
   - детални податоци за видот, количината и вредноста на стоката,
   - редниот број од општата спецификација за деловите.

   Поединечна спецификација се изготвува во слободна форма во три примероци и тоа еден примерок се задржува како прилог во царинската декларација (во натамошниот текст ЕЦД), а останатите два заверени со округли печат од царинската испостава се доставуваат на декларантот и до надзорната царинска испостава за евиденција.

12. Доколку барањето не ги содржи сите потребни податоци или докази за релевантно одлучување, не е доставено на соодветен образец, не е поднесено од овластено лице или не е комплетно, комисијата е должна веднаш, а најдоцна во рок од 3 работни дена, да изготви и достави до подносителот на барањето Покана со опомена за отстранување на недостатоците или дополнување на барањето на Образец за надворешна комуникација- Царинарница или Образец за надворешна комуникација-ЗУЈ согласно Упатството за изглед и структура на

документацијата[3], определувајќи му рок не подолг од 8 дена во кој е должен да го стори истото.

Во случај кога подносителот на барањето во определен рок не постапи по поканата, комисијата е должна да изготви Решение на Образец – одлуки и решенија или Образец – одлуки и решенија - ЗУЈ од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа со кој Барањето се отфрла, согласно одредбите на Законот за општата управна постапка.

## III. Издавање на Решение за сукцесивно царинење

13. Кога Барањето ги содржи сите потребни податоци и докази релевантни за одлучување, уредно е пополнето и е потпишано од страна на овластено лице, и се однесува за стока наведена во точка 3 од ова Упатство, комисијата е должна веднаш или најдоцна во рок од 5 работни дена да го разгледа Барањето.

    Комисијата, врз основа на податоците во општата спецификација и фактурата (проформа) или купопродажниот договор, проверува:

    - дали се исполнети условите од Основното правило 2 (а) за примена на номенклатурата на Царинската тарифа;
    - дали комплетниот производ кој е несоставен или е во разглобена состојба е правилно распореден според номенклатурата на Царинската тарифа (тарифната ознака), особено да обрне внимание на забелешката 4 за Оддел XVI кој се однесува за "функционални целини";
    - дали се исполнети условите за сукцесивно царинење согласно дополнителна забелешка 3 за Оддел XVI или дополнителната забелешка 2 за Оддел XVII на Царинската тарифа, како и Коментарското објаснување на Хармонизираниот Систем за тарифните броеви 7308 и 9405, а во зависност од предметната стока и
    - дали се запишани и усогласени вредностите на поединечните составни делови во општата спецификација со вредностите во купопродажните документи заради утврдување на царинската вредност на стоката.

Доколку врз основа на проверката се утврди дека не се исполнети горенаведените услови, комисијата во рок од 5 работни дена изготвува Решение

[3] Упатство за изглед и структура на документацијата во Царинската управа со сите образци, како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа

на Образец – одлуки и решенија или Образец – одлуки и решенија - ЗУЈ од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа), со кој Барањето го одбива како неосновано, согласно одредбите на Законот за општа управна постапка.

14. Доколку се утврди дека се исполнети условите за сукцесивно пуштање на стоката во слободен промет, комисијата во рок не подолг од 5 работни дена изготвува Решение за сукцесивно пуштање на стока во слободен промет (во натамошниот текст Решение), на Образец – одлуки и решенија или Образец – одлуки и решенија - ЗУЈ од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа, а истото го одобрува управникот на надлежната царинарница.

15. Решението мора да ги содржи следниве податоци:
   - вообичаен трговски назив и количина на комплетниот производ и тарифна ознака во која се распоредува според номенклатурата на Царинска тарифа;
   - вредност на стоката;
   - надлежната царинарница;
   - надзорна царинска испостава;
   - царински испостави преку кои ќе се спроведува сукцесивното царинење;
   - рок во кој се планира започнување и завршување на увозот и
   - напомена за обврската на имателот на решението, во рок од 30 дена од моментот на увозот на последната пратка или во рок од 30 дена од истекот на рокот на решението, да ги поднесе до надлежната царинарница документите за сите претходно извршени увози.

16. Решението за сукцесивен увоз го издава надлежната царинарница која го евидентира и му доделува единствен број, кој број заради следливост се запишува во општата спецификација за деловите.

    Еден примерок од општата спецификација заедно со Решението и пропратната документација задржува надзорната царинска испостава, вториот примерок заедно со Решението се доставува до подносителот на барањето, а третиот примерок заедно со Решението се доставува до царинска испостава каде ќе биде спроведено пуштање на стоката во слободен промет.

## IV. Изменување и дополнување на Решението

17. Изменување и дополнување на Решението и податоците во општата спецификација на деловите се врши доколку се промени фактичката и правната состојба врз основа на која е донесено, а особено во поглед на:
    - измени на податоците за стоката (на пример: видот, количината, масата (кг), сериските броеви и вредноста);
    - измена на податоци на декларантот (на пример: промена на називот, адресата на седиштето и сл.);
    - измена на законските прописи (како на пример: измена на Царинската тарифа и Коментари на ХС*).

Надлежната царинарница изготвува решение за изменување или дополнување на Решението на Образец – одлуки и решенија Образец – одлуки и решенија - ЗУЈ од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа по писмено барање на имателот, при што утврдувањето на фактите се вршат на начин и постапка определени со одредбите од точка 13 до точка 16 од ова Упатство.

## V. Сукцесивно царинење на стоката

18. Стоката може да се царини само преку царинските испостави кои се наведени во Решението.
19. При царинење на првата пратка, царинскита испостава ги презема следните активности:
    - проверка дали кон ЕЦД-то се приложени оригинални документи и тоа: Решение за сукцесивно царинење на стоката заедно со општата спецификација за деловите, поединечна спецификација за деловите кои се пуштаат во слободен промет, потврди/одобренија/ решенија/дозволи и други документи издадени од разни министерства ако се потребни за пуштање на финалниот производ во слободен промет, доказ за потекло на стоката, итн;
    - се врши отпис на општата спецификацијата за деловите (на примерокот наменет за декларантот и на примерокот наменет за испоставата) со наведување на број и датум на ЕЦД, потпис на одговорниот царински работник и службен печат на испоставата. Отпишаниот примерок од општата спецификацијата за деловите му се враќа на декларантот;

* Хармонизиран систем

- се врши заверка на поединечната спецификација за деловите со наведување на број и датум на ЕЦД, потпис на одговорниот царински работник и службен печат на испоставата. Еден примерок од оверената поединечна спецификација за деловите се враќа на декларантот, еден примерок се приложува кон ЕЦД, а еден примерок се испраќа до надзорната ЦИ, која води евиденција за сукцесивното царинење на стоката врз основа на доставените поединечни спецификации за деловите ;
- се врши заверка на потврдите/одобренијата/решенијата/дозволите и други документи издадени од разни министерства како и доказот за потекло или други документи приложени кон ЕЦД. Оригиналните документи царинската испостава ги задржува и приложува кон ЕЦД, а оверени копии од документите се враќаат на декларантот.

20. Царинската испостава е должна веднаш, а најдоцна во рок од 3 работни дена после царинењето на поединечната пратка, да ја достави поединечната спецификација за деловите до надзорната царинска испостава за евиденција.

21. При царинењето на следните пратки потребно е кон ЕЦД-то да се приложат оверените копии од документите кои при царинењето на првата пратка биле задржани (потврди/одобренија/решенија/дозволи и други документи издадени од разни министерства како и доказот за потекло на стоката). Со општата спецификација за деловите и со поединечната спецификација за деловите царинската испостава постапува на ист начин како и при царинењето на првата пратка, точка 20 од ова Упатство.

22. При сукцесивно царинење на стока, ЕЦД-то се пополнува на следниот начин:
    - во рубрика 31 се запишуваат опис на приозводот и забелешка **"Сукцесивен увоз/број на поединечната спецификација"**:
    - во рубрика 33 (прва и втора подрубрика), се запишува тарифната ознака на финалниот производ;
    - во рубрика 33 (трета подрубрика), се запишува шифра од кодексот на шифри на задолжителната единица мерка за финалниот производ;
    - во рубрика 33 (петта подрубрика), се запишува бројот "7000";
    - во рубрика 41, се запишува децимален број сразмерно на фактурната вредност во однос на вкупната вредност од решението за сукцесивен увоз (се пресметува со делење на фактурната вредност на пратката која се увезува со вкупната вредност од Решението. На пример ако во решението за сукцесивен

увоз количината во единица мера е 1 со вкупна вредност 115.624 парични единици и при првата пратка се увезува дел од пратката со фактурна вредност од 67.823 парични единици, во оваа рубрика се запишува "0,59". Овој број се добива кога фактурната вредност на првата пратката ќе се подели со вкупната вредност од решението за сукцесивен увоз (67823:115624=0,586583));

- во рубрика 44, за приложени документи се запишува шифра "I23" и бројот и годината на решението за одобрување на сукцесивен увоз во формат број/година.

23. Царинската испостава при царинење на секоја поединечна пратка ја утврдува царинската вредност на стоката согласно важечките прописи за утврдување на царинската вредност.

24. Надзорната царинска испостава води евиденција за сукцесивно пуштање во слободен промет врз основа на доставените поединечни спецификации за деловите.

## VI. Постапка на проверка на исправност

25. Надзорната царинска испостава после последниот увоз на стоката е должна да ја провери и утврди фактичката состојба со податоците наведени во општата спецификација. При тоа доколку утврди дека општата спецификација не е во целост раздолжена, бара од подносителот на барањето за сукцесивно царинење дополнителни податоци и појаснувања заради утврдување на реалната состојба.

26. Надзорната царинска испостава со цел да ја утврди фактичката состојба може да изврши и дополнителна контрола кај корисникот на стоката сукцесивно царинета, заради проверка на веродостојноста на податоците наведени во царинските декларации.

## VII. Завршни одредби

27. Раководителот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците се надлежни за предлагање на измени и дополнување на ова упатство.

28. Контрола на спроведувањето на одредбите на ова Упатство може да вршат Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност во рамките на своите надлежности.

29 Се задолжува Секторот за царински систем веднаш по донесување на ова Упатство да го направи достапно за сите вработени и да го објави на интранет страницата на Царинската управа во согласност со Процедурата за депозитар на документација.

30. Сите непосредни раководители се должни со ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

31. Секое постапување спротивно на ова Упатство повлекува дисциплинска одговорност.

32. Со донесување на ова Упатство, престанува да важи 01.30.32.УП.048.01 Упатството за сукцесивен увоз бр. 01-068637/14-0001 од 31.12.2014 година.

33. Ова Упатство стапува на сила со денот на негово донесување.

Директор,
м-р Славица Кутиров

Бр. 01- 068637/14-0004
Скопје 07-02-2023

Записи:
01.30.32.УП.048.02-ОБ.01.02-Барање за сукцесивен увоз
01.30.32.УП.048.02-ОБ.02.02-Барање за сукцесивен увоз - ЗУЈ

Изработил: Соња Филевска
Одобрил: Гордана Динеска
Согласен: Офелија Бајо

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор<br>Заменик директор<br>Советници на директорот<br>Помошници директори на сектори<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.32.УП.048.02-ОБ.01.02

# БАРАЊЕ
# ЗА СУКЦЕСИВЕН УВОЗ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Број: | | Примено на: | | година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1. Податоци за барателот** | | | |
| Назив: | | | |
| Седиште: | | | |
| Адреса: | | | |
| ЕДБ/ЕМБГ: | | Телефон/факс: | |
| E-mail: | | | |

| | |
|---|---|
| **2. Назив на странската фирма продавач на стоката** | |
| Број на купопродажен договор : | |
| Датум: | |
| **3. Тарифна ознака** | |
| **4. Трговски назив на стоката и други доверливи информации** | |
| **5. Детален опис на стоката** | |
| | |

| | | |
|---|---|---|
| **6. Рок на испорака на комплетен производ** | | година |
| **7. Царински орган(и)** | | |
| **(а) за започнување** | | |
| **(б) за завршување на постапката** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8. Други прилози кон барањето** | Општа спецификација ☐ | Проспекти ☐ | Фотографии ☐ |
| Друго: | | | |

**9. Изјава**

Со поднесување на ова барање, подносителот, односно неговиот застапник, ја прифаќа одговорноста за точноста и потполноста на податоците кои се содржани во барањето, како и на секој документ приложен како поткрепа на овие податоци.

| **10. Потпис и печат на барателот** | | |
|---|---|---|
| Име | | МП |
| Презиме | | |
| Потпис: | | |

НАСОКИ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

Во образецот се пополнуваат рубриките , на следниот начин:

- Во рубрика бр.1 се впишува точниот назив на барателот за сукцесивно пуштање на стоката во слободен промет, со седиште (точна адреса на подносителот), даночен број, контакт лице, е-меил адреса и телефон за контакт.
- Во рубрика бр. 2 се впишува точниот назив на странската фирма, продавач на стоката и бројот на купопродажниот договор.
- Во рубрика бр. 3 се впишува тарифна ознака според номенклатурата на Царинската тарифа на комплетниот составен производ, со наименување согласно описот на тарифната ознака од Царинската тарифа.
- Во рубрика бр. 4 се впишуваат податоци за идентификација на стоката како комплетен производ, односно на готовиот составен производ и тоа вообичаен комерцијален назив на комплетниот производ, марка , тип, модел на стоката (во комерцијална смисла).
- Во рубрика бр. 5 се внесува детален опис на стоката
- Во рубрика бр. 6 се впишува рокот во кој се предвидува да се увезат сите пратки, делови на стоката која се увезува сукцесивно, односно датумот на завршување на сукцесивниот увоз.
- Во рубрика бр. 7 се впишува назив на царинскате испостави преку кои ќе се спроведува постапката на сукцесивно пуштање на стоката во слободен промет.
- Во рубрика бр. 8 се впишуваат прилозите кои се доставуваат кон барањето. Во полето од оваа рубрика можат да се наведат и други документи со назив на истите кои се приложуваат кон барањето за појаснување (пр. Проектна документација, инвестициски елаборат, упатства за користење, проспекти од производителот итн.
- Во рубрика бр10 се впишува името и презимето на овластено лице за потпишување под кое става свој потпис, а на местото "МП" се става печат во архивата и се впишува датумот на поднесување.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА/ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ/ MINISTRIA E FINANCAVE
ЦАРИНСКА УПРАВА / DREJTORIA E DOGANËS

01.30.32.УП.048.02-ОБ.02.02

# БАРАЊЕ ЗА СУКЦЕСИВЕН УВОЗ/KËRKESË PËR IMPORT SUKCESIV

| Број/Numri | | Примено на/E pranuar në | | година/vitin |
|---|---|---|---|---|

| 1. **Податоци за барателот/Të dhënat e kërkuesit** | | | |
|---|---|---|---|
| Назив/Emërtimi | | | |
| Седиште/Selia | | | |
| Адреса/Adresa | | | |
| ЕДБ/ЕМБГ/NVT /NVAQ | | Телефон/факс/Telefoni/faksi | |
| E-mail/Emaili | | | |

| | |
|---|---|
| **2. Назив на странската фирма продавач на стоката/Emërtimi i kompanisë së huaj, shitëse e mallit** | |
| Број на купопродажен договор/Numri i marrëveshjes për shitblerje | |
| Датум/Data | |
| **3. Тарифна ознака/Shenja tarifore** | |
| **4. Трговски назив на стоката и други доверливи информации/Emërtimi tregtar i mallit dhe informacioneve të tjera të besueshme** | |

| **5. Детален опис на стоката/Përshkrimi i hollësishëm i mallit** |
|---|
| |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. Рок на испорака на комплетен производ/Afati i dërgimit të produktit të kompletuar | | година/viti | |
| 7. Царински орган(и)/Organi(et) doganore | | | |
| (a) за започнување/për fillim | | | |
| (b) за завршување на постапката/për mbarim të procedurës | | | |
| 8. Други прилози кон барањето/Shtojca të tjera ndaj kërkesës | Општа спецификација/Specifikimi i përgjithshëm ☐ | Проспекти/Prospektet ☐ | Фотографии/Fotografitë ☐ |
| Друго/Të tjera | | | |
| | | | |
| 9. Изјава/Deklaratë | | | |
| Со поднесување на ова барање, подносителот, односно неговиот застапник, ја прифаќа одговорноста за точноста и потполноста на податоците кои се содржани во барањето, како и на секој документ приложен како поткрепа на овие податоци/Me dorëzimin e kësaj kërkese, parashtruesi, përkatësisht përfaqësuesi i tij, e pranon përgjegjësinë për saktësinë dhe plotësinë e të dhënave që i përmban kërkesa, si dhe të çdo dokumenti të dorëzuar si mbështetje e këtyre të dhënave | | | |

| 10. Потпис и печат на барателот/Nënshkrimi dhe vula e kërkuesit | | МП |
|---|---|---|
| Име/Emri | | |
| Презиме/Mbiemri | | |
| Потпис/Nënshkrimi | | |

## НАСОКИ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ/UDHËZIME PËR PLOTËSIM

Во образецот се пополнуваат рубриките , на следниот начин/Në formular plotësohen rubrikat, në këtë mënyrë

- Во рубрика бр.1 се впишува точниот назив на барателот за сукцесивно пуштање на стоката во слободен промет, со седиште (точна адреса на подносителот), даночен број, контакт лице, е-меил адреса и телефон за контакт/Në rubrikën numër 1 shënohet emërtimi i saktë i kërkuesit për lëshim sukcesiv të mallit në qarkullim të lirë, me seli (adresa e saktë e parashtruesit), numri tatimor, kontakti i personit, adresa elektronike dhe telefoni
- Во рубрика бр. 2 се впишува точниот назив на странската фирма, продавач на стоката и бројот на купопродажниот договор/Në rubrikën numër 2 shënohet emërtimi i saktë i kompanisë së huaj, shitësit të mallit dhe numri i marrëveshjes së shitblerjes
- Во рубрика бр. 3 се впишува тарифна ознака според номенклатурата на Царинската тарифа на комплетниот составен производ, со наименување согласно описот на тарифната ознака од Царинската тарифа/Në rubrikën numër 3 shënohen shenja tarifore sipas nomenklaturës së tarifës doganore të produktit të përpiluar të plotë, me emërim sipas përshkrimit të shenjës tarifore nga tarifa e Doganës
- Во рубрика бр. 4 се впишуваат податоци за идентификација на стоката како комплетен производ, односно на готовиот составен производ и тоа вообичаен комерцијален назив на комплетниот производ, марка , тип, модел на стоката (во комерцијална смисла)/Në rubrikën numër 4 shënohen të dhënat për identifikimin e mallit si produkt i plotë përkatësisht i produktit të përpiluar të plotë, edhe atë emërtimi i zakonshëm komercial i produktit të plotë, marka, lloji, modeli i mallit (në aspektin komercial)
- Во рубрика бр. 5 се внесува детален опис на стоката/Në rubrikën numër 5 shënohet përshkrimi i hollësishëm i mallit
- Во рубрика бр. 6 се впишува рокот во кој се предвидува да се увезат сите пратки, делови на стоката која се увезува сукцесивно, односно датумот на завршување на сукцесивниот увоз/Në rubrikën numër 6 shënohet afati në të cilin parashihet të importohen të gjitha dërgesat, pjesë të mallit që importohet në mënyrë sukcesive përkatësisht data e përfundimit të importit sukcesiv

- Во рубрика бр. 7 се впишува назив на царинскате испостави преку кои ќе се спроведува постапката на сукцесивно пуштање на стоката во слободен промет/Në rubrikën numër 7 shënohen emërtimi i filialeve doganore nëpërmjet të cilave do të zbatohet procedura e lëshimit sukcesiv të mallit në qarkullim të lirë
- Во рубрика бр. 8 се впишуваат прилозите кои се доставуваат кон барањето. Во полето од оваа рубрика можат да се наведат и други документи со назив на истите кои се приложуваат кон барањето за појаснување (пр. Проектна документација, инвестициски елаборат, упатства за користење, проспекти од производителот итн/Në rubrikën numër 8 shënohen shtojcat që dorëzohen bashkë me kërkesën. Në fushën e kësaj rubrike mund të vendosen edhe dokumente të tjera me emërtimin e të njëjtave që i shtohen kërkesës për sqarim (p.sh dokumentacioni projektues, elaborati investues, udhëzime për përdorim, prospekte nga prodhuesi, etj).
- Во рубрика бр 10 се впишува името и презимето на овластено лице за потпишување под кое става свој потпис, а на местото "МП" се става печат во архивата и се впишува датумот на поднесување/Në rubrikën numër 10 shënohen emri dhe mbiemri i personit të autorizuar për nënshkrim, nën të cilin e vendos nënshkrimin e tij kurse në vendin "VV", vendoset vulë në arkiv dhe shënohet data e paraqitjes.